# Приведен маж од велешко, неовластено поседувал и пукал од огнено оружје

29/07/2025



На 28.07.2025 во 14.30 часот, полициски службеници од Одделението за криминалистичка полиција Велес го лишија од слобода А.Џ.(25) од село Бузалково, велешко. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „Црвена застава“, пиштол „АГ-9“ и 100 парчиња огномет. Исто така, тој се сомничи дека претходниот ден во село Горно Оризари, велешко, додека се движел со патничко возило „фолксваген голф“ со велешки регистарски ознаки, преку отворен прозор испукал еден истрел со пиштол. А.Џ. е приведен во полициска станица, известен е јавен обвинител и по документирање на настаните ќе бидат поднесени соодветни пријави.



Информации

ул. Димче Мирчев бр. 9
1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 (0)2 3 117 222
kontakt@moi.gov.mk

uslugi.gov.mk

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2025 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.